# Иван Василевски



Награда
ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
2013

ЛУБ "БЛАГОЈ ЈАНКОВ-МУЧЕТО" СТРУМИЦА
С 821.163.3-1
ВАСИЛЕВСКИ ИВАН
Азбукословецот
100048904
COBISS



# Азбукословецот





награда

# ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

за најдобра поема во
2013 година

детска радост

Одговорен уредник
*Ненад Гвозденовиќ*

Дизајн, ликовно–графичко обликување
и компјутерска обработка
*Жарко Туниќ*

Иван Василевски

# Азбукословецот

*Ова издание финансиски е помогнато од*
*Министерството за култура*
*на Република Македонија*



*Во слава на свети Климент премудриот кој посеа житница на неграмотна нива и кој со песна ги допира ѕвездите*

СТРУМИЦА

[illegible] армянском, грузинском, персидском и [illegible] алфавитах, [illegible] курсиве, греческих печатных знаках, астрономических, алхимических и других символах, в [illegible], кипрском слоговом письме и магическом греческом письме и т.д.

И [illegible], во всех этих алфавитах имеются буквы, сходные с начертаниями глаголицы. Выходит, что глаголица, как [illegible], раскидала буквы по всем алфавитам мира? А славяне, естественно, создавать свой алфавит, дали чужим буквам такие мудрые названия и такое содержательное [illegible], что всем народам остается только удивляться...

А не могло ли быть всё наоборот?

1.



Низ цела Велика тревожно
бијат камбаните од Плаошник
И пророчки ѕуни мудра реч -
глаголи* Азбукословецот кој е
и Праотец и Свештеномудрец,
и Калемар и Чудотворец:

Таму кај што го закопавте минатото -
во божји знак ќе ја откопате иднината
Оти зборот ви е единствена татковина,
а во јазикот ќе ја заграмотите* светоста

Скраја од клукачи и од длабачи во црно,
од тие што овошките ќе ви ги прекројат
и ќе ви ја прекалемат светоста на зборот
И бегајте од клевети и од клеветници
Бог да не ве заборави на празни угари

*и во старозаветен сон да не ве одветри*
*Витосајте ги за векутума злите духови*
*од конаците, дека ќе ви посеам видело*
*во душите, со божји очи да го милувате*
*зборот. Оти до што е народ опстојува*
*на својот јазик, а вашиот ќе ги глочка*
*слепците што ги згрнаа знаците, небаре*
*словата биле создадени само за одбрани*
*и божем само за нив сонцето изгревало*

*О роде, зарем не слушаш далечен ѕун*
*од тропари**, *од стихири**, *од кондаци**?
*Одѕвон на ангелски хор под ѕвездите*

*Сонот ви е маѓепсан на глоговник*
*и оставен на растоки да пладнува*
*А густа е слободата. И неодржлива*
*Неоти свикнавте на сопствените окови*
*како натрапници на своите пепелишта*
*и како поданици во туѓи мравјалници*
*И како чички опстојувате на врлежи**,
*во горломни бури, меѓу виулици,*
*небаре троскот на солени погори**

*А преживувате во светоста на јазикот,*
*во космосот на зборот што го примивте*

*за своја татковина. И во 'ртулчето*
*на словото што ја одмаглува иднината*

*Така говори Азбукословецот,*
*Чудотворецот што го разлачи*
*зракот на мудроста од мракот*
*и ги растајни сите знаења*
*во света графема -*
*за да го одгатне незнајното*
*Свештеномудрецот што*
*неразбирливото го откопа*
*под фосилен камен,*
*и изрезба светопис*

*И рикна азбучник од темен рог -*
*да го каже нереченото,*
*несфатливото да го откорне*
*од длабок мемлосан бунар*
*Да ги одлости тајните крипти*
*на почетокот: слог по слог,*
*слово по слово*
*и да го отпрета проблесокот*
*на светата фонема што самува*
*како семка, како 'ртулче*
*во заорок*[*]*, меѓу буники*

* * *

Од Азбукословецот, кој е
и свештеномудар Праотец,
и Белоризец, и Цар на живите,
и Серафим на мртвите
и Светилник на зборот -

до оние што вабат седмочисленици,
и црнорисци, и зографи и копаничари:

Како ќе го прочитавте
словото божје ако вашиот
не беше и негов јазик?

Баботат огнови по ридиштата,
а смртта ви тлее во огништата
И во стрништата - божјото лице
пламнало во вселенски пожар

На која труба да огласам војна
меѓу отци и еретици? Во која ноќ
да разделам вино, да раздадам нафора
Лебот да не ви прекисне во ноќвите
при обидот сѐ да измените
Оти се плашам да не ја изгубите

*смислата за траење*
*и да не го расчините Владиката*
*кој ја возвиши светоста на буквите*

*Роде мој заспан на растоки,*
*ќе посегнеш по незнајното*
*И ќе се крене твоето знаме*
*над водите - повисоко од злото*
*И сѐ што исчезнало од паметењето*
*ќе се размагли во времето*
*и за навек ќе се осмисли во зборот*

*А вие непорочни, што испишавте*
*прелестни оди во каменот,*
*уште не сте го растајниле*
*последното боиште*
*И уште празнувате зад туѓи меѓи,*
*отаде вашите градби и светилишта*

*Над небесно гумно лебди ангелот*
*да им ја пренесе светата објава*
*на кротките по нарав и на оние*
*што се здивени во умот*
*На слабите во фатот и на оние*
*што се величат со својата снага*
*На унижените духом и на оние кои*

*не се срамат од својата горделивост*
*На слепите кои гледаат*
*и на глувите кои слушаат:*

*Во иста љубов сум ве родил*
*и сум ве посеал по екумената[*]*
*А различни се будите во омрази,*
*различни легнувате со одмазди*
*во душите. И на различни разбои*
*тагувате по шаренилото на среќата*
*Во различни времиња плачете,*
*на различни места се радувате*
*Различни ви се и молитвите,*
*и пцостите - а иста судбината*

*И зарем ќе ја разберете*
*мудроста божја ако неговиот*
*не е и ваш јазик?*
*А не е стигма ни белата лика,*
*ни волчата навика,*
*ни руното - ни дувлото*
*По јазикот се распознаваме*
*и по јазикот се разликуваме*
*Во сѐ друго сме исти,*
*Авраме неутешен*

* * *

*Во земјата ќе се очапи голем*
*расед, темна краста - суводолица*
*И во очајот следете го гласот*
*на јаството* што од искони самее*
*среде небиднини*
*и талка по множествата -*
*од митолошки сон да откорне*
*кадели светлина*

*И скротете го ѕверот во себе -*
*ништо во семирот да не ви е туѓо*

*Кога почнавте пркосно да летате*
*низ маглата, по сводот заматен*
*од клетви и клевети,*
*не им исковавте узенгии*
*на кревките крилца*
*и не одбравте -*
*со кого ќе ја делите целта*
*Затоа, сега на вашите камени*
*друмови - постоењето*
*низ густи магли се тетерави*

*А Бог ниту слуша што клеветите,*
*ниту гледа што срамотите*

*И не за непослушност,*
*ами дека сте опседнати*
*од омразии, од прека реч,*
*дека сте залидани, дека сте*
*заѕидани во магли и темнила -*
*не ќе ве одмине казната*
*да го сретнете лицето*
*на времето во пустина*
*и родината наврапица*
*да ви ја освојат непрокопсани*

*И одново, и сѐ одново ќе талкате*
*во бујак, во густи кории,*
*по нивите набраздени*
*од потта ви солена,*
*од жеги и жегли,*
*од јазли и јадови*
*Оти грев било да се унижува*
*сопствената историја*
*и од скршена погача*
*да се колваат ѕвезди*

*И уште вели Праотецот,*
*кој е и Свештеномудрец,*
*и Белоризец и Азбукословец:*

*Во вашето нивје неотуѓива*
*книга ќе откопате, света грамота,*
*сермија што Отецот ви ја оставил*
*како завештание*
*Ќе отпретате ретко писмо*
*што на вашиот јазик*
*од рака на светец е напишано*
*И скрбејќи* за своето, за светото,*
*ќе го допрете копнежот по словото,*
*по зборот што ви е татковина*

*О роде мој заспан на камено небо,*
*повтам поемата да ја уловам*
*на рана-ранина*
*Да не би некој да го ораби*
*нејзиното проѕирно лице*
*уште взори, на будење*
*И да не би да затаи нејзиниот пој*
*како фосилен запис од птица*
*што црцори на исконски струни*
*и со песна ги допира ѕвездите*
*И сонцето го прекројува*
*според божјата лика*

*И ако даде Господ,*
*ако посака Бог да ме успие*

*на скрито место*
*и во вакафско време,*
*белки ќе преспијам*
*судбински сон на густа јарина,*
*во јаслите на мојот народ*

*Сте се родиле*
*во множество од ѕвезди,*
*а бладате во мрачни понори*
*Оти од векутума века сѐ друго*
*ви било поујгун* од вистината*
*Ве опијанува славата*
*дека ја пресоздавате историјата*
*што пајажини размрсува*
*во замаглени огледала*
*А лакот на историјата се оптегнува,*
*притаено се подготвува*
*да го отстрели целото,*
*да го раслои, да го раздаде*
*како задушница на умрени,*
*како бдение пред празник*
*И потонски* да исчезне*
*во кикот, во цинична смеа*

*Уште неродени изградивте дом*
*што ветришта го лулаат како*
*скржава судбина во пустелија -*
*таму кај што далечините се множат*
*и кај што водите се оплодуваат,*
*каде што душите и ѕвездите*
*заедно патуваат,*
*а на различни јазици зборуваат*

*Оти пред големото востание*
*на материјата ќе пекате за смрт,*
*но смртта очајно ќе ве одминува*
*како да сте намќори во слепило*
*И не ќе можете да се вратите*
*во будноста и да живеете без неа*

*А ќе се исчудувате:*
*дали Господ верува во вас?*
*Дали бдее над вас заутани?*
*Дали ве бара залутани во празнини?*
*Дали ве чува од чемери?*

*Градејќи кули и мостови,*
*цркви и жилишта,*
*манастири - прозорци кон векот,*
*темели ќе ѕидате под ѕвездите*

*И рушејќи безимена материја -*
*родот ќе си го заборавите*
*под туѓи стреи, во самотија*

*И ќе морате да правите така*
*како што ќе ве поучат недугави**

*А кој праматар би се осмелил*
*да тргува со одрани души,*
*да продава или да купува ум*
*на потонски буништа?*
*Кој би се дрзнал да векува*
*под чатија без ничија тапија?*
*Кој би изгрувал тајнопис*
*од вакафска книга,*
*словар од пагански олтар?*

*Кој би се охрабрил да разменува*
*бело за црно,*
*ново за старо,*
*свое за туѓо?*
*О каков горделив трепет -*
*грст недопирливи возбуди*
*што на вишни вејки се нишаат*
*и не можат со око да се довидат*

*Така говори Азбукословецот,*
*кој е и Праотец, и Ѕиркач во Бога,*
*и Граматик и Калемар:*

*Бегајте од темни привиденија,*
*да не ви ги прекројат овошките*
*и да не ви ги прекалемат душите*
*Да не би во вечност да лидате*
*до крајот на времето*
*И далеку од претсказанија,*
*Бог да не ве посее на празни угари*
*и да не ве заборави во темнина*

*Мрачното ќе збувне од ѕверина,*
*од подмолот на црните ангели*
*и ќе ве опседнува во сонот*
*И безверни од вера ќе страдате*
*И бездомни - ќе гоните бездомници*
*И смртни - за смрт ќе се молите,*
*оти нема симетрија во Божјото дело*

*Ќе ви ги измешаат меѓите*
*и нема да знаете чии се нивите*
*а чии ливадите,*
*чии се лозјата а чии кориите*

*Ќе ви пуштат сурија скакулци*
*и ќе ве проголтаат лакомари*
*Ќе ви ги спрострат сенките*
*кај што ве огревало сонце*
*и не ќе ги најдете во мракот*
*вашите залидани стада*
*Ќе разлеат темнило - смола*
*врз вашите писанија*
*И без очи не ќе можете*
*да си ги прочитате премрежјата,*
*да си го разлачите ракописот*
*Во осој родот ќе си го ослепите*

*Ќе татонат библиски потопи*
*во вашата премеѓена земја*
*и ќе нема каде да присоните*
*нафака* за вашата челад*

*Ќе молкне радоста во темни одаи*
*и Големата мајка не ќе стаса да ги*
*надои ѕвездите за да го превозмогне*
*пишаното. Ќе секне светото млеко*
*што блика од нејзините вимести гради*
*И зборот ќе ѝ онеме*

*И пак ќе се накотите како молци меѓу*
*резбите, под малтерот на фреските*
*Ќе жилите ко троскот на чемерна скрка,*
*како чички на погорна нива*
*Како нескротлив стремеж*
*за спас на душите*

*Роде зажеглен меѓу диви подници,*
*молејќи ѝ се на светлината -*
*уште колку горчини ќе проголта*
*твојата пирејска молковија?*
*И уште колку тага ќе исцица*
*твојата епска олелија?*
*И колку, колку ли азбуки*
*ќе вкрстите во еден оган -*
*за да не ги побркате јазиците,*
*како во метежот на Вавилон?*

*О Боже не оставај нè сами меѓу*
*глогови, среде чичкарник и трње*
*Оти векот ни е потежок од семирот*
*А нè има насекаде по екумената*

[illegible]

[illegible] армянском, грузинском, [illegible] алфавитах, [illegible], греческих [illegible], [illegible], в [illegible] письме и т.д.

И действительно, во всех этих алфавитах имеются буквы, сходные с начертаний глаголицы. Выходит, что глаголица, как праматерь, отдала буквы во всем алфавитам мира? А славяне, не способные создать свой алфавит, дали чужим буквам чисто [illegible] названия и такую содержательность, что всем народам остаётся только удивляться...

А не могло ли быть всё наоборот?

2.



*О унер*, о хула* - варвари нè нарекоа,*
*а во крвта им рикаат варвари*
*како ѕверови на стрвина*

*А којзнае дали во хаосот*
*е сè дозволено?*
*Дали сèта историја е залудна*
*и дали постоиме без цел*
*во вселената?*
*Дали сме случајни во природата?*

*Јас гледам поназад од вас -*
*и понапред во времето,*
*оти љубовта ми е заложна казна,*
*а казната - неодложна љубов*
*со која ниту една жртва*
*не може да се спореди*
*И не со меч а со збор го задомив*
*светот - пограмотен да биде*

*и да си најде опора во јазикот*
*Така говори Праотецот*
*кој е и Свештеномудрец*
*Азбукословецот кој*
*ги спитоми светлините*
*и кој посеа љубов меѓу ѕвездите*
*А само љубовта е неподмитлива*
*и не може да се измисли*
*Оти на различни јазици*
*ја озборувате, но на ист начин*
*ја примате и давате*
*Скарани патувате низ нејасното,*
*а заеднички ги делите*
*и минливоста и вѐчноста*
*И навек ќе ве жига горчливиот*
*јазик на предавствата*

* * *

*Чекајќи го Бога на бела погача,*
*устроивте слави, радости, тажачки*
*и ја осмисливте возбудата*
*за сон во бесмртноста*

*И заутани умом, залутани духом,*
*ја допревте таинствената песна -*
*таа нерешлива загатка*

*што во времето ископаничи*
*слова за нови божји заповеди*

*И уште вели Азбукословецот,*
*кој е Господар на црквите,*
*и кој наживописа светост*
*во семката, во 'ртулецот на словото,*
*и кој го скроти говорот на ѕвездите:*
*Сè додека постои светлина -*
*ќе има и омрази и одмазди,*
*и орачи, и воини и светии*
*И сè додека се делат јазиците -*
*ќе се делат и народите*
*во екумената*
*И човекот ќе се отуѓува во вселената*

*А вие, лебдејќи со душите*
*во својата неостварлива форма*
*и со тела спрострени на гумната -*
*кога заминувате во мракот*
*внимавајте барем еден да остане*
*за да има кој да ви ја*
*преслика историјата*

*И кога ќе се запожари земјата,*
*кога ѕвездите ќе се сурнат во пламен*

*И кога заумноста ќе ја сожме*
*космичкиот ветар -*
*не гаснете го огнот,*
*оти огнот е и почеток и крај,*
*и сè и ништо,*
*и слика и привид,*
*и суштина и празнина во поредокот*

*Но уште не сме го прочитале*
*вечниот ракопис на водите*
*што го величат минливото*
*И уште не сме ги вкрстиле*
*азбуките во еден оган*
*за да не ги побркаме јазиците*
*и да не ни го погребаат*
*писмото на ничие гробје*

*А гнев и лудило нè обзема*
*и страшна ни е вообразбата*
*дека заминуваме во вечноста*
*О каква ништожна надеж!*
*Ако сме бесмртни, зарем*
*небитисани ќе чекаме*
*да ни ја одменат смртта?*
*И зарем бесмртните*
*мора да бидат богови?*

*А сите сме џелати, барајќи спас*
*и просветлувајќи се*
*зад проѕирките на заблудата*

*И непомирени духом - дека не сме сè*
*и дека не сме засекогаш,*
*криеме тирани во душите*
*Оти и меѓу тираните, Боже -*
*имало страдалници*

* * *

*Нека се заборават имињата*
*на безвремените свидетели*
*и на записничарите*
*што страствено ги искривуваат*
*сенките на минатото,*
*оти божем мртвите*
*ќе ја надживеале историјата*
*А таа часкум ги менува одеждите -*
*почесто и од мените на луната*

*О неспознајно, во времето*
*сè било апсурд и иронија*
*Оти ако не сме центар во природата,*

ќе бидеме безимени како камени деца,
како изгубени ждребиња во пустина

И беседи Азбукословецот,
благоглаголи Свештеномудрецот,
благословува Белоризецот:

Сè што срушивме на светиот пат -
го срушивме со умот. И залутавме
во воздишки. А за горделивост
и за страв ќе има уште време
Оти заумно ќе исчезнат знаците
во големата именка
и злото ќе се распрсне како меур,
како скама* низ вселената

А како на сладострасци,
ќе ви ги вратам сите цареви
во покора - за да не заноќат туѓинци
под вашите сламени биваци*
И многу племиња и народи
ќе ви позавидат на кроткоста
што ја посеавте меѓу лозјата,
во виното што зрее
на бедрата од векот

*Ако не знаевте што е завештано*
*во лузните од лудиот камен*
*и каков печат сум врежал на неговото*
*абрашко* лице - како ќе го прочитавте*
*писмото што сум ви го оставил?*

*И тешко на оние што ќе ги осудат*
*на осаменост меѓу џганови*
*И на оние кои ќе премалат -*
*изморени од Бога и од молитви*
*А на оние што ќе се лигават*
*пред блесокот на сонцето*
*за да го глотат неговиот образ -*
*во мрак ќе им плаче челадта*

*И не ќе знаат во која доба призракот*
*ќе влезе во брлогот на смртните:*
*кога ќе им зајде умот, среде*
*мракот? Кога ќе ги огрее скрбта*
*божја - взори, на ранина?*
*Или во светлечки бели ноќи,*
*на бдение, спроти празник,*
*во сонот на Создателот?*

*И нема да научат: како Бог*
*ќе нè разбере - ако не зборуваме*

на нашиот јазик?
И ако не ја примаме неговата
мудрост со нашето писмо?
И ако немушто му се молиме,
како ќе ни помогне?

И нема да одгатнат:
кој ќе поверува во знаци,
во слова што не може
да ги прочита?
Кој ќе ослушнува
гласови што не ги разбира?
Оти само лицето на Бога
е видливо и во најгусто мрачило
и оти само неговиот глас
се слуша среде бурите

* * *

И беседи оној
кој со едната рака жнее светлина,
а со другата распрснува оган
под ѕвездите
И кој го задоми светот -
награмотен да биде
за да се опира на словото

*Кој описмени инородни*
*народи и племиња*
*И кој нејаки нѐ повика*
*во божјата крепост -*
*на непостоечки паланзи*[*]
*да го мериме времето*
*и на туѓо визглавје*
*да го пресониме векот, велејќи:*

*Ако ве почитувам во мојот дом,*
*почитувајте ме и вие во вашиот*

* * *

*Воини бевте, о воини бевте,*
*а сега сте задумани блудници*
*Ги сокривте копјата*
*под женските скутови*
*И во ноќите прељубнички*
*ги испокршивте стрелите*
*Гордоста на царски поданици*
*ви спие на женските облини*
*и храброста ви ја соблазнува*

*По лозјата го распрснавте*
*вашето војничко племе*

Од штитовите направивте пехари,
со копјата ги оградивте меѓите
и сè што ограбивте -
го посеавте во градините

А Бог со глуварки - во празно
ја оплодува вечноста
и сее ништожност на пророчка нива
И распрскува ганѕливи* ѕвезди
од далечни галаксии

Воини бевте, воини бевте,
а најгорки ви беа победите
На работ од темнината -
алчни небиднини зјаат
Со црни плаштови го опашале
светот, небаре тука се скаменило
сето космичко време
И небаре во вечноста
тираните ќе ја наследат славата,
а мачениците храброста

Воини бевте, воини бевте,
а не спознавте дека победата
е кратко самољубие
Ставете си челенки*

*на калпаците[*] за да не сонувате*
*демони во слободата*
*и да не ве заплашуваат*
*страшилата на пеколот,*
*оти пострашен од адот во вас*
*не е можен во вселената*
*И оти вазалството ви е повелба*
*како трампа за слободата,*
*а трагичното - завештание*
*што ја распламтува совеста*

*Се искреваат огнилата на зборот*
*како пластови светлина*
*на присојна лака, на падина,*
*како горcouломна виулица*
*што ја освојува тишината -*
*и калемат плодници*
*на непозната овошка*

* * *

*Тој што ќе искова свети слова*
*на балчаците од вашето оружје,*
*славете го со племенски огнови*
*што искрат зад преселбите*
*Оти наврапица ќе го освоите*

*неговото победничко име*
*што го изрезбавте во знаците -*
*врз знамето на болеста*

*Сами бевте и неграмотни*
*И слепи лунѕавте среде луњите*
*Во ѕверилник се котевте, на осои*
*И никој не ве препознаваше*
*на распаќата. А суетата ви беше*
*израснала повисоко од божјата*

*Оние што сакаат да издигнат*
*ѕид меѓу вас и сонцето*
*и да ве оковаат во виулици,*
*не знаат дека и страшливците*
*и храбрите на исто место се ранливи*
*И дека сите сте отуѓени,*
*сите сте болежливи, но секој*
*сам си го одбира лекот за болеста*

*Неутешно сонувате универзум*
*без зла и пороци*
*И залудно се залажувате*
*со лечебноста на времето,*
*верувајќи во прераспределба*
*на редот во вселената*

*И измислувате изговори*
*за поход во вечноста -*
*а подвиг е во минливото да истраете*
*и да се задомите во минливоста*

*Оти без тоа не би можеле*
*да се ѕвирате во самопочитта*
*и да си ги омиете образите пламнати*
*од жарот на татковата ѕвезда*
*И подвиг би бил да се препознае,*
*а да не се преименува*
*суштината во празнина*

*А жилавоста ќе одолее на чуденки*
*што се раштркале по светот*
*И глупоста ќе остане нечитлива*
*во заумот на писмата,*
*на азбуките и јазиците*
*што Бог ви ги измеша во разумот*

*Вашите празноверни раце*
*копаат гнило грмје,*
*темни мисли во подмолје,*
*мамејќи го гневот на Седржителот*
*И уништувајќи ги митовите -*
*беспредметно создавате нови*

*што уште неродени се митарат*
*и ја воспеваат химната*
*за тајните на природата*

*И подвиг е да се верува*
*во нечујното, во невидливото,*
*во недопирливото. И верувајќи -*
*да ја одлагате празнината*
*Оти не можете да бидете*
*рамнодушни во несреќите*
*кога зли судбини ги вабат*
*сенките под демонски крилја*
*и водите ги буревестат*
*кон бреговите на немирот*

*Тапкајќи прт во судбината,*
*никој не може да ви ја даде,*
*ниту да ви ја одземе слободата*
*за самоуништување*

*И говори Азбукословецот*
*кој го оплоди светот -*
*за да биде пограмотен,*
*и кој посеа љубов*
*под ѕвездите на Плаошник:*
*Сè е бесследно, сè исчезнува*

*без својата значенка*
*И нечитлив е законот на слободата,*
*кревко знаењето,*
*а народот е прашинка*
*во космичка бура -*
*зрнце песок во библиско море*

*И уште вели Великомудрецот:*
*Летописот ги памети само водачите*
*и нивните предавници*
*А ослепевте од непара водачи*
*и од премногу предавници*
*Од делби и од разделби,*
*од длабачи во црно*
*И сѐ друго ви беше*
*понадуша од родината*

*А во празни задужбини*
*и Господ не може да влезе*

*Затоа, молете се сега на секој*
*камен што ве препнува,*
*на секоја пенушка во совеста*
*Молете ѝ се на милоста*
*што ја распрснува сонцето*
*по сѐ што е именувано со светост*

*и над сè што допрва*
*ќе биде осветено*

*Молете им се на водите,*
*на секоја најмала*
*значенка во природата,*
*оти молејќи се - разговарате со Бога*
*и оти животот е непоправливо*
*устроен на гревови,*
*а безнадежно незаменлив*

*О Боже, доврши го веќе*
*еднаш твоето дело,*
*да не би да исчезне ѕидот*
*меѓу човекот и злото*
*Ќе го занишам клатното*
*на сето сознание во времето*
*Оти светоста е во јазикот,*
*во космосот на зборот, во семката,*
*во 'ртулчето на словото*
*што ја засводува иднината*

*И оти во јазикот е суштината -*
*во јазикот е опстанокот*
*за препознавање на нештата*



## 3.

*Низ цела Велика неутешно*
*бијат камбаните од Плаошник*
*И мудра реч пророчки ѕуни:*

*Немушт јазик да ни внушеше, Боже -*
*та никому да не му пречиме!*
*Ни на птиците, ни на ѕвездите*

*Да ни исковаше нова азбука!*
*Заумна и безгрешна*
*пред столбот на соблазноста*
*и пред злонамерноста*
*Нов краснопис да ни вдахнеше!*
*Ново писмо што не ќе ги повредува*
*ни ѕверовите ни боговите!*
*Ни ехото, ни повејот*

*ни трепетот во природата*
*Немушт јазик да ни смислеше,*
*та недугави да не ни го заробат -*
*да не онемиме од злоба, Господи*
*И светлината да не ни ја колваат*
*гаврани, да не приѕиркаме во црнила*

*Се нишаме на безимени ветришта,*
*како на крива нога*
*да сме го поставиле опстанокот*
*На гнили темели, на влажни места*
*сме граделе црква,*
*како да ја увежбуваме претставата*
*дека сè е создадено против нас*

*И како да сме задумани дека сме*
*жртви на митолошки духови*
*Кога ќе се вратат нашите*
*династии од историјата,*
*само божји честички ќе можат*
*да нè спасат од силни виделини*
*А сепак не ќе смееме*
*да ги сонуваме нашите корени*
*оти ни се откорнати од сонот*
*Како да сме зографисале*

нечитливи загатки -
слепи ангели, народ без очи

Во која ноќ ќе прогледаме,
на чија нива ќе се разбудиме
да браздиме оган
што ќе баботи на нашиот јазик,

на нашите огништа
Клименте Велик?

Толку малку ни треба да прогледаме:
само една раска, само една капка
во море од воздишки би траела
подолго од сето космичко време
А од упреци* не прогледавме Боже,
оти се котиме на својот тланик

* * *

Од Премудриот - до сите оние
кои слушаат и сакаат да чујат,
кои гледаат и знаат да видат,
кои говорат и умеат да кажат
И кои можат да си ја скријат болеста:

*Кога ќе дојде часот на последните*
*зла и темнила - над светот ќе се*
*отчепи божјата празнина,*
*како челуст во вселената*
*Црна дупка што ќе го*
*проголта времето*

*И ќе се одгатне писмо*
*на божјата синија:*
*Оган и потоп, скрб и јад,*
*жалост и глад, и смрт...*

*И громовен глас*
*надве го пресече семирот:*

*Сè што создадов, го враќам*
*назад во времето*
*Сè што досега било*
*и сè што не било: ќе сврши*
*Сè ново ќе создадам*
*и сè одново ќе почнам*

*Така говори Азбукословецот,*
*кој е и Господар на црквите,*
*и Чудотворец и Калемар*
*И кој е и Камен*

*и Порта во мракот*
*И кој посеа житница*
*на неграмотна нива:*

*И слепци ќе водат ослепени,*
*со очи ископани*
*И неми пред глуви ќе глаголат*
*кривоверства за ѕверства*
*И гладни ќе раздаваат погачи*
*во светската пустина*
*И жедни ќе точат вода*
*од кладенците, на поилата*
*И болни ќе исцелуваат рани,*
*ќе мерат здравје на паланзи*
*И немоќни ќе делат сила*
*и ќе ги окрепнат слабите*
*И Бог на еретици ќе им верува*

*Ќе се крене сета маштина**
*да повее ехо од некое друго време*
*и да се откади светот*
*од византиска омраза*
*Да не глода мемлив*
*пцоменик* и да не лиже*
*слатина* до очобол*

*И ќе се наежават на едниот брег:*
*орлици, змејови, црни ѕверишта,*
*мршојадци - озабени грабливки*
*А на другиот: ангели во бели одежди,*
*светии - чувари на резбите,*
*на иконите и фреските*
*Закрилници на умотворбите,*
*на писмата и јазиците,*
*на имињата и семињата*

*И од пештерите ќе слезат*
*стамени тажалки*
*со огнови во прстите*
*кренати до небеса*

*И ќе донесат проводии:**
*бели кравајчиња и погачи,*
*пченкарници и ’ржаници*
*Ќе усукаат комати, баници,*
*пити и зелници*
*Во широки ноќви ќе замесат*
*питулици, лебови наутлии*

*И уште беседи Азбукословецот,*
*кој е и Камен*

*и Порта во мракот*
*И кој е и Праотец,*
*и Светломудрец*
*и Господар на црквите*
*И кој посеа житница*
*на неграмотна нива:*

*Во вашите темни вилаети*
*дрочна светлина ќе огрее*
*И ќе се запали словото,*
*од зборот ќе ригаат огнови*
*Како Бог да ги расчепил*
*карпите за да никне*
*словесност во мракот*

*И многу од јазиците*
*ќе се огледаат во твојот образ,*
*роде мој заспан на растоки*
*И ќе дојде време кога*
*ќе ѕидаш кули и мостови,*
*цркви и жилишта, манастири -*
*- прозорци кон векот*
*И кога денизден ќе подигаш*
*темели на божјите огништа -*
*а ноќум ќе ти ги рушат*
*Црни Арапини*

*Двоглави орлишта фреските*
*ќе ти ги своетинат - придома*
*и во светилиштата*
*И стрвни волчишта -*
*ѕвездата ќе ти ја затемнат,*
*ќе ти ја поганат светоста*
*Лавовски челусти ќе се озабат -*
*јазикот да ти го обездомат*
*И пак ќе зборуваш за победи*
*и за подвизи на издржливост*

*И ќе дојде часот*
*кога ќе го осветлиш нејасното*
*во осилка, во сноп од небесно*
*класје, во крстина -*
*со невидливи зраци*
*што ни Бог не ќе може да ги допре,*
*со заумни честички што ниту една*
*материја не ќе може да ги зароби*
*Со вдаховеност што ќе се*
*распрсне низ сите галаксии*

*И варварин ќе те наречат оние*
*на кои во крвта им рика варварин*
*И ќе те ископачуваат*
*И ќе те искоренуваат -*

*да би да бидеш прв и единствен*
*што би излегол од историјата*

*А не знаат дека оној*
*што фрла зилје[*] зад туѓи меѓи -*
*- отрови сее во својата нива*

* * *

*О боже, заносно ѕунат тропари,*
*кротки стихири, кондеци...*
*Каков омаен пој од света*
*литургија, од монашко бдение,*
*небаре Јован Кукузел разлачува*
*струни во незаорана нива*

*Каков чудесен блесок,*
*светлина од око на светец,*
*каква кротка насмевка*
*на радосен ангел,*
*небаре Дичо распара*
*ѕуници на небесна чатија*

*Каков ситен вез на црквен портал,*
*каков восклик на дарба и мудрост,*
*небаре Петре Гарката*

во ореово дрво да вденал
златна игла со срмена преѓа

Слушаме далечен ѕун преку
тесните бифори*
шепот што извира од атлите:
со добрите ангели зборувајте,
а луѓето допирајте ги немушто

А како да молчиме со луѓето,
кога ноќе болни светии бегаат
од белината на малтерот
и прелетуваат херувими
под темнината на сводот?
И во секој грешник, боже
воскреснува пророк
кој зборува на нашински јазик,
и пишува со нашинско писмо,
и чита нашински знаци
што и глуви ги слушаме во тишината,
и слепи ги гледаме во темнината

А во словото ни ја откри суштината
И во јазикот светоста. И во зборот
што го примивме за своја татковина

* * *

*Во чилето* на светлината*
*отпластивме уште светлини*
*И ноќта го измени*
*своето непроѕирно лице*
*и ничкум слезе во визбите -*
*под стреите на векот да чека*
*митови и привиденија*
*А како од коварни* прсти*
*да примиме на дар милостина,*
*небаре сме божјаци*
*без потекло и име?*
*И како да проголтаме,*
*како да џвакаме безимена книга?*
*И како да ораме безимена бразда*
*кога сѐ што сме посеале*
*не залебува без име?*
*Боже, поарно да ни внушеше*
*немушт јазик -*
*никому да не му পречиме!*

* * *

*Низ цела Велика пророчки*
*бијат камбаните од Плаошник*
*А сѐ немаме време за молитва*

*и за светоста на зборот*
*Тревожно бреат елени*
*од темен рог, татонат ангели,*
*како да се болни од соништа*

*Ќе има ли Воже нова војна*
*во ергелите под чиишто чатии*
*лилјаците тајно оружје кријат?*
*И кралски круни на челата*
*од незнајни воини -*
*заслепувачки зраци*
*испраќаат во вселената*
*А ние слепи - гледаме*
*духови во светлината*

*Врати ни ги Господи буквите*
*што ги закопавме во глината*
*оти еден е нашиот род,*
*еднозначен и еднороден*
*А нѐ има на сите страни*
*од екумената*

* * *

*Осудени сме Боже во делби*
*да се раѓаме и во делби да умираме*

*Во делби да се окотуваме,*
*о роде мој судбоверен,*
*заспан на растоки*

*За секој маченик отворивме житие -*
*за да се исцеди уште светост*
*што ќе ги лекува душите*
*И уште не знаеме: дали сме толку*
*грешни за да се раѓаме?*
*И толку невини за да умираме?*

*А пред нас сал привидот*
*што нѐ отуѓи од Бога -*
*и кој го премижа сонот*
*на нашите пресушени стреи*
*И ја издува пепелта од нашите*
*подриени прагови*
*И ги избриша меѓите*
*од нашите угари,*
*од нивите со златесто жито*
*И премолча згон на нејаки мајки,*
*на бездомни деца,*
*на сираци и старци*

*Боже, нашето постоење*
*прераснува во злоба!*
*Оти сонот нè испразнува -*
*а епски сонуваме*
*Како да нè соголува совеста*
*во утрински мразови*

* * *

*И уште беседи*
*Господарот на црквите,*
*кој е и Азбукословец,*
*и Порта и Камен во мракот,*
*и Калемар. И кој посеа*
*житница на неграмотна нива*

*Не примајте ја себичноста*
*како благослов*
*и не чекајте да ви враќаат*
*со поинакви дела од оние*
*што на други сте им ги правеле*
*Оти оние што делеле неправда*
*во времето кога немало време,*
*уште неправда делат -*
*и неправедни се*
*Оние што ја поганеле светоста*

кога дуњата се овременила,
уште ја поганат -
и погани се

И несреќни се како ангелите
што допирајќи го совршенството,
не го чувствуваат суштеството
и исчезнуваат во темнилото
А секој не може
да се препознае во Бога,
оти злото апокалиптично
се повторува во времето
И оти човекот, и кога не верува,
е опседнат со верата
и се сокрива зад нејзината сенка
А рајот е само изговор
за несовршенството на Создателот

И не сте живееле залудно,
и залудно не сте го потрошиле
трудот кога зографисувавте икони
во божјата промисла,
фрески по ѕидовите на молкот
Кога копаничевте
божји и човечки судбини
врз оревови образи
што сте ги откорнале од постоењето

*Не сте го изарчиле залудно трудот,*
*оти Бог ги распрета буквите*
*што ги затрупавте во глината*
*И оти со ваши очи го прочитавте*
*молкот на светлините*
*Отвори ја книгата*
*залостена во камена стега -*
*од врутока до утока,*
*роде мој замелушен во магии*
*и залебен во скршено кравајче*
*Прими ја раката на Праотецот*
*кој е и Порта во мракот,*
*и Знак во каменот и Чудотворец*
*И кој е единствен*
*меѓу реките и меѓу ридовите,*
*меѓу морињата и меѓу ѕвездите,*
*меѓу ѕверовите и меѓу ангелите -*
*меѓу луњите во универзумот*
*И кој е овоплотен во Бога*

*Така глаголи Азбукословецот,*
*кој е поет меѓу херувимите*
*И кој одбивајќи ја слободата -*
*се спаси од јаремот и мечот*
*со збор го замени. И кој се измагли*
*како виделина од пештерите*

и го покори времето
во светоста на словото

И кој е и Аз и Ижица
И Буки и Веди, и Глаголи и Герв,
и Добро и Ест, и Живете и Земља
И кој е и Ѕјало и Иже, и Јер и Јат,
и Како и Лјуди, и Мислите и Наш
И кој е и Он и От, и Покои и 'Рци
и Слово и Тврдо, и Ук, и Фрт и Хрт
и Ци, и Чрв и Шта
И кој е и Аз и Ижица

И кој е и Господар на црквите
И кој посеа житница
на неграмотна нива

Оти светоста е во јазикот
што го примивте од Големата мајка
и кој е ваша единствена татковина
Светоста е во космосот на зборот,
што беше пред Бога
И оти во семката,
во 'ртулчето на словото
се одмаглува иднината

* * *

*О роде заспан на растоки,*
*до крајот на времето ќе те болат*
*сенишни братопредавства*
*Ќе те родосквернат чедоморци*
*и таткоубијци*
*И векутума ќе лаат*
*кодоши на крстовите*
*што никнаа на секоја чука*
*А крстот што го носиме*
*израсна до небеса*

*Запалете големи огнови*
*за да не згаснете духом*
*Да не ви ги прекројат овошките*
*и душите да не ви ги прекалемат*
*Да не ви го искаколат семето*
*што го посеав по нивјето,*
*по угарите, зад грмјето,*
*отаде реките, под ридјето*

*Оти кој разумен ќе ве појми*
*без род и без семе,*
*без потекло и без свест*
*за светоста на зборот*
*што го наследивте од Големата мајка?*

*Така говори Азбукословецот,*
*Праотецот, Свештеномудрецот,*
*Господарот на црквите*
*Кој е камен и Порта во мракот*
*И Аз и Ижица, и Калемар*
*И Светилник на зборот*
*И кој посеа љубов, и кој го заѕезди*
*небото над Плаошник:*

*Оној што го победил мракот*
*ќе ја победи и светлината*
*И нема да блада по немушт јазик*
*И нема да гувее по нова азбука*
*Нема да лунѕа по нов краснопис,*
*по ново писмо да чемрее*
*Оти во своето е суштината -*
*и во зборот на Големата мајка,*
*и во јазикот што го прими*
*за единствена татковина*

*А вие: на очи слепци, при уши глуви*
*- гледајќи не гледате,*
*слушајќи - не слушате*

*Боже, ум ли веќе немате, сила ли?*
*Доблест ли немате, храброст ли?*
*Челад ли немате да си ја дочувате?*
*Љубов ли немате да си простувате?*
*И немате ли троа време за молитва,*
*за света реч? И за слава на светоста?*

*А светоста е во јазикот, во словото,*
*во зборот што ја воспева татковината*
*Завет за векутума: кај што е закопано*
*минатото - ќе ја откопате иднината*

СТРУМИЦА

# СЛАВОСПЕВ ЗА ПРАОТЕЦОТ ОД ПЛАОШНИК

## (1) Во 'ртулецот на словото

Денес на Балканот единствено Охрид, со сите свои зачувани знаменитости, сè уште живо сведочи за развојот и ширењето на словенската писменост; односно за исклучително важната просветителска дејност на словенски јазик чии почетоци датираат пред повеќе од еден милениум. Додека на другите места каде што во IX и X век се зафаќал 'ртулецот на сесловенското слово до наши дни останале само скудни археолошки наоѓалишта или одвај купишта урнатини, како што е случајот со бугарските Плиска и Преслав, на пример, во Охрид преку бројни видливи остатоци од тоа време и натаму се чува и се негува споменот на тој значаен историски период. Неодминлива личност и незгаснат светилник со најголеми заслуги за организирањето на Охридскиот книжевен центар од тоа време секако е св. Климент, еден од најблиските, најталентираните и најспособните Кирило-Методиеви ученици, кој прво како учител во тој крај го подготвил теренот и ги поставил темелите, а потоа како прв епископ на словенски јазик, со помош на својот собрат св. Наум, ја зацврстил градбата на грандиозното дело со трајни вредности.

Воопшто не е случајно тоа што глаголицата како типично христијанско писмо токму од св. Климента најмногу била заштитувана, ширена и бранета во просветителската мисија за описменување и просветување на неграмотното словенско население, но и за негово духовно и религиозно издигнување. Дали за тоа придонел фактот што голем број од знаците на Кириловата глаголица се образувани исцело или делумно од три христијански симболи: крст, триаголник (Света Троица) и круг (бесконечност и совршенство) или, пак, кај св. Климента секогаш натежнувала преголемата, силна и искрена почит кон своите првоучители, од денешен аспект е помалку битно наспроти величината и значењето на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник, прв словенски и можеби најстар во Европа.

Посебно внимание заслужува фактот дека св. Климент се смета за еден од првите, најистакнати, најдаровити и најплодни писатели на старата словенска литература, со силна нагласка на поетската дарба. Имајќи го предвид периодот во кој живеел, работел и создавал, слободно може да се каже дека изненадува големата разновидност на неговите книжевни дела. Покрај преводите на богослужби и оригинални химнографски творби, служби и канони, тој во своите високовреднувани книжевни беседи ќе ги прослави своите првоучители, особено свети Кирил Филозоф, кому ќе му ја посвети својата искрена и топла поетска Похвала. Исто така, св. Климент во најмала рака е коавтор на Панонските житија на солунските браќа и на голем број слова, поуки и пофали со дидактичка и егзегетска содржина. Иако се тоа први самостојни творби, со практична религиозно-просветна намена и на јазик кој дотогаш немал писменост, тие можат да се споредуваат со најдобрите обрасци во византиската литература и беседништво.

Инспирирани од значењето на светите првоучители, а првенствено во чест на св. Климент, со векови се создавале прозни и поетски дела, почнувајќи од Теофилакт, Хоматијан, Кавасила, Григориј, Козма,.. па преку Џинот, Миладиновци, Жинзи-

фов, Пулевски, П. Зографски, па сè до современите македонски писатели. Карактеристично е тоа што посебен однос кон Климента и неговите учители projaвил и великиот Григор Прличев кој безмалку секој свој нов потфат, секое зафаќање со нова работа ја започнувал со потсет на славата на св. Климент.

На корпусот стихови испеани во слава и чест на св. Климент, а потпишани од современите наши поети од калибарот на Б. Конески, М. Матевски, А. Поповски, П. М. Андреевски, Ј. Котески, Р. Павловски и од многу други, овој пат, благодарение на конкурсот за најдобра поема што го носи името на великиот Григор Прличев, рамносилно се приклучува и поемата Азбукословецот на годинашниот лауреат Иван Василевски.

(2) Во космосот на зборот

Зафаќањето со предмилениумска тема со вонвременско значење и, уште повеќе, посегањето кон продолжено лирско-епско воспевање на грамадна, света личност каква што е св. Климент, во никој случај не може да биде едноставен порив, мигновен изблик или прост инспиративен проблесок. За да се влезе во космосот на зборот и притоа моќно да се задржи сигурноста во пеењето, односно да се зачува проточноста од почетниот до завршниот стих, неопходни се не само дарба и талент, туку и моќ за владеење со лексичкиот фонд на својот јазик и, пред сè, версификаторска умешност.

Токму Иван Василевски со неговата најнова поема со наслов *Азбукословецот* докажа дека е поетски ритер кој, само откако практично ќе ги провери сите свои усвоени вештини и откако успешно ќе ги мине сите неопходни подготовки, се осмелува да излезе на поетското бојно поле со предумисла дека и нему може да му припадне победничкиот пиедестал. Најдобра потврда за тоа, бездруго, се досегашните негови зафаќања со

воспевање на делото на премудриот св. Климент. Имено, уште во неговата втора поетска книга *Црнорисци* (1990) меѓу дванаесетте песни од воведниот циклус „Молитви“ е поместена и „Молитва за Климента“ во која избива повикот-желба Климент: „...да би да прошета по земјата исконословенска, која прва го имаше, а последна го озакони неговото слово“. Не помалку сугестивен е певот и во завршниот дел од поемата „Потомците на Чрт“, објавена во „Одмеѓување на светот“[1] (2011) каде што И. Василевски на „правдољубивиот епископ Велички“ молбено му се обраќа со зборовите: „Спаси нè од невидливото во нас, Клименте Велик“.

Ако се изземе драмата *Лоза* (2012) со целокупното творештво составено од шест стихозбирки *(Привев во тишината, Црнорисци, Куќа на ѕвездите, Заточени души, Утки и Кула во сонот),* како и книгата поеми *(Одмеѓување на светот),* покрај името на писателот Иван Василевски сосема природно доаѓа одредницата поет. И тоа превосходен поет кој е меѓу ретките македонски поклоници на стихот кој е имун на осцилации, односно од првите до последните свои објави, од првата до последната стихозбирка има една стамена творечка линија, има самосвоен пат за сигурен продор низ космосот на зборот.

Иако не секогаш книжевните награди се и вредносен показ за стојностите на објавените дела, неодминлив е податокот дека стихозбирката *Утки* (2008) на авторот му ја донесе наградата „Ацо Шопов“ што ја доделува најстарата писателска асоцијација ДПМ, а еве сега со *Азбукословецот* поетот Иван Василевски се овенчува и со престижното *Прличево признание* за најдобра поема, дваесет и прва во низата наградени поеми.

---

1 *Одмеѓување на светот* (2011) е книга во која Иван Василевски објавува четири поеми и тоа: „Повеј во тишината“, „Александар“, „Петнаесетте“ и „Потомците на Чрт“. Два наслова од овие поеми („Александар“ и „Потомците на Чрт“) се споменати во потесните избори на минатите конкурси за најдобра поема за добивање на наградата „Григор Прличев“.

(3) Во слава на премудриот

Поемата *Азбукословецот*, со поднаслов „Во слава на свети Климент премудриот кој посеа житница на неграмотна нива и кој со песна ги допира ѕвездите“, е кохерентна целина на исклучително стамен пев составен од 1.110 стихови поделени на три дела. Со цврсто потпирање на нашата традиција на веќе усвоените вредности и освоените вертикали на подолгите поетски творби со лирско-епски карактер, овој пат со наградената поема добиваме дело за кое речиси со сигурност може да се предвиди дека ќе заземе едно од значајните места во македонскиот поетски трезор.

Имајќи ја предвид умешноста со која се води поетскиот исказ од почетокот на поемата па сè до однапред предвидената утока на питкиот пев, Иван Василевски на најдобар можен начин уште еднаш потврдува дека е опитен автор, зналец и особено поет кој не само што покажува дека располага со богат лексички фонд туку и докажува дека има дарба токму вистинските зборови мошне умешно да ги вгради во трпеливо обликувани, во маестрално избрусени стихови.

И во образложението на Комисијата за доделување на наградата за најдобра необјавена поема на македонски литературен јазик „Григор Прличев“, од вкупно пристигнатите деветнаесет поеми на конкурсот за 2013 година, е нагласено дека *Азбукословецот* најмногу го заслужува толку посакуваниот вредносен печат што го означува „прличевскиот дух“ на пеење. Тоа што, пак, нејзиното појавување и објавување се совпаѓа со одбележувањето на илјада сто и педесетгодишнината од словенската писменост само го збогатува впечатокот дека успешно се продолжува книжевната традиција на великиот македонски поет Григор Прличев.

Разгледувајќи ја структурата, поставеноста и, пред сè, начинот на кој е обликувано ова поетско дело, уште по првиот прочит надвладува впечатокот дека пред нас имаме ретко успешен и заокружен поетски потфат. Стиховите, како бразди из-

ведени од грижлив градинар, се протегаат само до потребната должина неопходна да се обезбеди проточност на поетската мисла, строфите имаат пропорционална големина на усогласени окна за двонасочно пропуштање на потребната светлина, за конечно, преку трите функционални дела на поемата, широко да се отворат вратите на една химнична изведба својствена само за остварувања излезени од перата на врвни мајстори.

Иако *Азбукословецот* е поема посветена на една личност (на св. Климент, кого поетот го нарекува уште и Праотец, Свештеномудрец, Белоризец, Чудотворец..., но и Граматик, Калемар и Господар на црквите), на многу места преку повеќеслојноста на поетскиот исказ е остварена и своевидна полифоничност со што се вбројува меѓу ретките и, во секој случај, успешни примери во современата македонска поезија. Така, поетот свесно ја презема само навидум подредената улога на „соопштувач“ дека „Низ цела Велика тревожно/ бијат камбаните од Плаошник/ и пророчки ѕуни мудра реч“, за веднаш, уште по воведната строфа од првиот дел на поемата да му го отстапи првенството, да му „даде“ збор на Азбукословецот кој е и Порта во мракот и Светилник на зборот, мо́кно за да проговори, како заветна порака најважните нешта да му ги соопшти на родот свој „заспан на растоки“, оти токму Тој е премудриот „кој посеа житница на неграмотна нива“. И глаголи Праотецот, и пророчки одекнува неговата реч за „зборот кој е единствена татковина“, за „јазикот во кој ќе се заграмоти светоста“, за „одлостувањето на тајните крипти: слог по слог, слово по слово“! Дека ехото на зборовите на Азбукословецот изустени пред векови од Плаошник имаат трајна свежина и вонвременско значење најдобро може да се согледа од следните стихови:

*„Јас гледам поназад од вас -*
*и понапред во времето,*
*оти љубовта ми е заложна казна,*
*а казната - неодложна љубов*
*со која ниту една жртва*
*не може да се спореди*

*И не со меч а со збор го задомив*
*светот - пограмотен да биде*
*и да си најде опора во јазикот".*

Славејќи го премудриот свети Климент „кој се измагли/ како виделина од пештерите/ и го покори времето/ во светоста на словото", Иван Василевски излачуваќи го најдоброто од себеси сочинил врвно поетско дело кое со право може да се нарече славоспев за праотецот од Плаошник. И, како што во природата моќните реки преку утоката се претвораат во уште поголема вода, така и моќниот пев во Азбукословецот, под закрила на светоста во јазикот, на словото и зборот што ја воспева татковината, во финалната строфа од поемата се преточува во Светиклиментовиот завет за векутума: „Кај што е закопано минатото - ќе ја откопате иднината"!

*Милован Стефановски*

## Биографија

Иван Василевски (1947) е поет кој од раната младост е поземен од возбудата на стихот кога ги пишува првите песни и поемите *Крвава ноќ* и *Наташа*.

Дипломирал на Катедрата за југословенски книжевности на Филозофскиот факултет во Скопје, а најголем дел од работниот век го поминал како новинар и уредник во Радио Скопје, Танјуг и МИА.

Автор е на книгите поезија: *Привев во тишината (1977)*, *Црнорисци (1990)*, *Куќа на ѕвездите (1994)*, *Заточени души (2001)*, *Утки (2008)* и *Кула во сонот (2013)*, на поемите *Александар (1997)* и *Петнаесетте (2006)*, кои заедно со поемите *Повеј во тишината* и *Потомците на Чрт* се објавени во збирката поеми *Одмеѓување на светот (2011)*.

Во 2012 година како засебна книга ја објавува драмата *Лоза*.

Добитник е на наградата „Ацо Шопов" на ДПМ за збирката *Утки*.

## Речник на помалку познати зборови

глаголи - *зборува, разговара*
заграмоти - *поткрепи со документи, поднесе докази*
тропар - *црковна песна во чест на некој светец*
стихир - *вид црковна песна*
кондак - *куса црковна пофална песна*
погор - *солена почва што не раѓа*
врлеж - *стрмнина, остра косина*
заорок - *прва бразда во орањето*
екумена - *христијанска заедница во еден простор или во целиот свет*
јаство - *себе/себеси/себство*
скрби - *испитува скрб, тагува*
уjгун - *погоден, соодветен*
потон - *место каде што водата понира под земја/ визба, подрум*
недуг - *телесен или душевен недостаток*
нафака - *судбина, среќа*
унер - *чудо/ вештина, мајсторија*
хула - *груб напад со зборови; исмевање на нешто што е свето*
скама - *пена од сапуница*
бивак - *логор, камп*
абраш - *рус човек со бенки на лицето*
паланза - *кантар, вага*
ганѕа - *талка, скита, лута*
челенка - *накит од сребро што се носи на калпакот за покажано јунаштво*
калпак - *вид свечена капа од крзно (опшиена со чоја, свила или кадифе)*
упрек - *прекор*
маштина - *мажественост*
пцоменик - *леб од трици, наменет за кучињата*
слатина - *солена земја*
проводија - *дар (обично ситни пари)*
зилје - *завист*
бифор - *прозорец на црква или манастир*
чиле - *определена количина конец намотан во вид на снопче*
коварен - *лош, со подли намери, лукав;*

**ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД - Скопје**
**Редакција „Детска радост“**

За издавачот
***м-р Павле Петров***
Генерален директор

АЗБУКОСЛОВЕЦОТ
***Иван Василевски***

Лектура
***Дениз Тесторидес***

Печати
***„Напредок“*** – Тетово

2013

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-1
821.163.3-1.09 Василевски,И.

ВАСИЛЕВСКИ, Иван
Азбукословецот / Иван Василевски. - Скопје : Просветно дело, Редакција Детска радост, 2013. - 68 стр. ; 22 см.
- (Библиотека Поеми Григор Прличев)

Славоспев за праотецот од Плаошник / Милован Стефановски: стр. 59-65.- Биографија: стр. 66

ISBN 978-608-228-176-6

а) Василевски, Иван (1947-) - "Азбукословецот" - Критики и толкувања

COBISS.MK-ID 94880266



Награда

ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

2013



детска радост

5 310189 020306 91004 51